**Известување за концентрација со која ТЕЛЕЛИНК БИЗНЕС СЕРВИСИС ГРУП А.Д., Софија, Република Бугарија ќе стекне контрола врз АЦТУАЛ И.Т, информатички технологии, а.д, Каподистрија, Република Словенија**

**(предмет бр. 08-105/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 27.06.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која ТЕЛЕЛИНК БИЗНЕС СЕРВИСИС ГРУП А.Д., со седиште на ул. Донка Ушлинова бр. 2, Гаритиџ Парк, зграда 1, кат. 4, Софија, Република Бугарија има намера да стекне директна контрола над АЦТУАЛ И.Т, информатички технологии, а.д, со седиште на Ферарска улица 14, 6000 Копер, Каподистрија, Република Словенија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ТЕЛЕЛИНК БИЗНЕС СЕРВИСИС ГРУП А.Д** е акционерско друштво основано согласно прописите на Р. Бугарија. со седиште на ул. Донка Ушлинова бр. 2, Гаритиџ Парк, зграда 1, кат. 4, Софија, Р. Бугарија.

ТЕЛЕЛИНК БИЗНЕС СЕРВИСИС ГРУП А.Д претставува составен дел од ТЕЛЕЛИНК Групацијата, која е присутна преку своите зависни друштва на повеќе географски пазари, притоа на различни релевантни пазари, и тоа вклучувајќи ги земјите од Западен Балкан: Р.С.Македонија, Р.Србија, Р.Босна и Херцеговина, Р.Хрватска и Р.Словенија, како и на поширокиот европски пазар преку присуство во Р.Бугарија, Р.Романија и Ф.Р.Германија, како и во САД, кое е претежно присутно на релевантен пазар на информатичка технологија и комуникации.

ТЕЛЕЛИНК БИЗНЕС СЕРВИСИС ГРУП А.Д е присутна на пазарот во Северна Македонија преку поврзано претпријатие над кое остварува директна контрола со 100% удел - Друштво за професионални и консултантски услуги ТЕЛЕЛИНК БИЗНИС СЕРВИСИС ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 7385986, со претежна дејност - 46.500 - Трговија на големо со информатичка и комуникациска опрема.

**АЦТУАЛ И.Т, информатички технологии, а.д**, трговско друштво основано и кое работи согласно прописите на Република Словенија, со седиште на Ферарска улица 14, 6000 Копер, Каподистрија, Република Словенија, кое е присутно на релевантниот пазар Консалтинг за компјутерски уреди и програми и управување со компјутерски уреди и системи.

АЦТУАЛ И.Т нема директно или индиректно поврзани друштва на пазарот во Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

01.07.2025 година

Скопје